РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1177/1
13-03-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по основ на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2022 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предмет со бр.08-5603 / од 06.06.2022 година СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по наведениот предмет.
Предметот со бр. 08-5603/1 од 06.06.2022 година да се затвори и да се архивира.
Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

### Образложение

Предметот со бр. 08-5603/1 од 06.06.2022 година е оформен по основ на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2022 година за проверка на податоците од анкетниот лист на ______________, в.д директор на _________________. Кон предметот е споен и предметот со бр.08-5289/1 со службена белешка бр. 08-1084/1 од 17.03.2025 година.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на ______________________ и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на именуваното лице, ДКСК констатира дека не дал детален попис на недвижен имот што е во негова сопственост или сопственост на члeновите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот при поднесување на Изјавата за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.
Согласно наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ______________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 08-1084/1 од 01.09.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1084/2 од 01.09.2025 година. Истиот ја платил наведенената глоба во износ од 150 евра во рок од 8 дена од приемот на прекршочниот платен налог.

Останатите податоци наведени во Изјавата за имотна состојба и интереси се совпаѓаат со прибавените податоците од конкретните институции.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил:** С.Љ, помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** м-р Б.К.Ш, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk